СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ – ВТОРО ЛАРВИЦИДНО ТРЕТИРАЊЕ

Согласно Законот за заштита на населението од заразни болести, за спроведување на превентивна теристичка дезинсекција на подрачјето на Општина Велес, како општа мерка за заштита на населението од заразни болести, Општина Велес го издава следното соопштение за јавност,

Општина Велес ја информира јавноста дека, второто третирање против ларви од комарци ќе го изврши на ден 14 септември 2026 година (понеделник).

Теренското третирање од земја, против ларви од комарци опфаќа територија од 7 хектари покрај вода и водни површини, кои се мапирани како лежишта на комарци, а посебно внимание ќе се посвети на површините со неистечена вода каде комарците имаат идеални услови за размножување.

По спроведена постапка за извршување на овие активностите избран е операторот ЛИСА-КОМ МС ДООЕЛ Кавадарци, согласно Елаборатот изработен од страна на Центарот за јавно здравје Велес, ќе бидат третирани:

- Крајбрежјето на Езерото „Младост“
- Делот „Јарбош“
- Градскиот Парк
- Стадион
- Младински Парк
- По течението на реката Вардар
- Реонот на потокот и
- Градските фонтани.

Третманот се врши со биолошки препарат BIOPREN, се наоѓа на листата на биоцидни производи на Министерството за здравство и се применува насочено само за комарци и ларви кои летаат на области кои се претходно одредени, се положува во застоени водени површини. Истото не е штетно за луѓето, пчелите, ниту за домашните миленици.

Со почит,

Општина Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВЕЛЕС